A joint initiative of the OECD and the European Union, principally financed by the EU

VI ИПА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

СЕКТОРСКИ ДОГОВОРИ: ОД ЕКСКЛУЗИВНИ ПРАВА ДО ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА – ОБРАЗЛОЖЕНИЕТО ЗА ФЛЕКСИБИЛНОСТА ВО ДИРЕКТИВАТА 2004/17/ЕЗ

Колин МАУНД

Хелиос управување со информации, Обединетото Кралство

Даниловград, Црна Гора, 20-21 јуни 2013 година

© OECD

Флексибилност во содржината на режимот за секторски договори

1. Секторските договори во Европа –развој на законодавството
2. Промени во пазарот на дејностите за кои се доделуваат секторски договори
3. Влијание врз набавките
4. Кои се причините за полиберален третман
5. Разлики меѓу секторските договори и класичниот сектор
6. Детали за разликите
7. Извлечени поуки

Секторски договори во Европа- развој на законодавството

- Законодавството за јавни набавки постоело во ЕУ уште во 70-тите години од минатиот век
- Првичните правила биле основни, необврзувачки и не ги вклучувале комуналните претпријатија (познати како изземени сектори)
- Со воведувањето на Единствениот пазар во 1993 година, на јавните набавки започна да се гледа како на голема слабост на која треба да се обрне внимание
- За комунални дејности беа прогласени индустриите за водоснабдување, енергетика, транспорт и телекомуникации

Во меѓувреме…..

Комуналните претпријатија се менуваа…

- Повеќето комунални претпријатија беа во сопственост на државата или во заедничка сопственост
- Повеќето комунални претпријатија се засноваа на географски монополи
- Цените ги поставуваа регулаторите, а не пазарот
- Комуналните претпријатија беа под притисок да дејствуваат во полза на националниот интерес, а со тоа беа под притисок да вршат набавки од „националните прваци“
- Немало реални економски двигатели – повеќето функционирале врз основа на принципот „трошоци плус“

Комуналните претпријатија се менуваа…

- Во приватизирани организации со акционери
- Настана поделба по функционални линии, на пр. разграничување на преносот од производството
- Многу монополски елементи се отстранија или станаа отворени за конкуренција
- Цените ги одредува пазарот
- Се појавија голем број меѓународни групации што поседуваа комунални претпријатија во различни земји
- Се премина од притисокот да се распределат ретките ресурси кон обезбедување на услуга по најниска цена

Влијание врз набавките
Настанаа големи промени

- Премин од „националните прваци“ кон најдобрите снабдувачи
- Меѓународните групации имаа помалку локални здружувања
- Намалување на моќта на трговските асоцијации и на националните спецификации
- Премин од сигурност на набавката кон економска предност
- Голем број компании ја променија сопственичката структура повеќе пати, што доведе до промена на политиката и помало влијание од државата

Овие промени беа предвидени
Комуналните претпријатија бараа флексибилност

- Првично, комуналните претпријатија бараа да бидат целосно изземени од правилата
- Тие тврдеа дека се разликуваат од јавниот сектор:
  - Помало влијание од владата да вршат набавки национално
  - Поголем ризик од неуспех во случај на сложени процеси и инсталации
  - Договорите беа поголеми, посложени и поограничени

Разлики меѓу класичниот режим и режимот на секторски договори

- Режимот на секторски договори е пофлексибилен:
  - Автоматско исклучување на либерализираните сектори
  - Повисоки прагови
  - Рамковни спогодби
  - Квалификациски системи
  - Користење постапки со преговарање
  - Исклучување на поврзани друштва
  - Исклучување стоки за препродажба или за повторно давање под закуп

Исклучоци

- Организациите кај кои се исполнети основните услови за либерализација се автоматски исклучени во некои сектори, на пр. енергетика, додека некои сектори се во целост исклучени, вклучително телекомуникациите.
- Кај секторските договори праговите се повисоки, што значи помалку договори се опфатени.
- Договорите на поврзаните друштва беа исклучени врз основа на фактот дека тие се делумно комерцијални тела.
- Стоките за препродажба/повторно давање под закуп се исклучени за да се обезбеди еднаков третман

Пофлексибилни процеси

- Рамковни спогодби– може едноставно да се доделат договори во случај кога рамката е огласена – за разлика од класичниот сектор
- Квалификациски системи– единствено за секторските договори е дозволено да се огласи во Службениот весник на ЕУ и да се состави постојан список на квалификувани снабдувачи во повеќе фази и да се избере од него без понатамошен конкурс
- Постапка со преговарање– кај секторските договори се дозволува поголемо користење на постапката со преговарање.

Извлечени поуки

- Правилата за секторските договори се подеднакво успешни како правилата за јавниот сектор.
- Постојат ставови дека јавниот сектор треба да се либерализира за да ги копира секторските договори.
- Флексибилноста беше приспособена (некои од условите станаа построги, а други пофлексибилни).
- Се развија нови системи и процеси што ги земаат предвид законите.
- Тешко е за комуналните претпријатија да го поткрепат тврдењето дека правилата ќе бидат комерцијално неправедни и дека нема да може да функционираат.